**20252605029**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 31 став (1) од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21 и 124/25), а во врска со член 6 став (3) од Уредбата за критериумите и условите за прогласување на кризна состојба во случаи на временски и природни непогоди, хаварии и нарушувања на пазари на електрична енергија, начинот на снабдување со електрична енергија во кризна состојба, мерките што се преземаат во случај на кризна состојба, како и правата и обврските на носителите на лиценци за вршење на електроенергетски дејности („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.246/21,300/21, 74/22, 211/22 и 218/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 23 декември 2025 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ПОСТОЕЊЕ НА КРИЗНА СОСТОЈБА ВО СНАБДУВАЊЕТО СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на енергенси за производство на електрична енергија.

Член 2

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука ќе се преземат мерки и активности во врска со обезбедување на дополнителни количини на електрична енергија, вклучително и балансна енергија и резерва на активна моќност согласно утврдената кризна состојба, согласно Законот за задолжителни нафтени резерви и Уредбата за критериумите и условите за прогласување на кризна состојба во случаи на временски и природни непогоди, хаварии и нарушувања на пазари на електрична енергија, начинот на снабдување со електрична енергија во кризна состојба, мерките што се преземаат во случај на кризна состојба, како и правата и обврските на носителите на лиценци за вршење на електроенергетски дејности.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука Комисијата за следење на состојбите со снабдување со електрична енергија постојано ја следи, анализира и проценува електроенергетската состојба и предлага мерки согласно Уредбата за критериумите и условите за прогласување на кризна состојба во случаи на временски и природни непогоди, хаварии и нарушувања на пазари на електрична енергија, начинот на снабдување со електрична енергија во кризна состојба, мерките што се преземаат во случај на кризна состојба, како и правата и обврските на носителите на лиценци за вршење на електроенергетски дејности.

Член 4

За спроведување на мерките определени во членот 2 од оваа одлука се обезбедува нафтен дериват-мазут од задолжителните резерви на нафтени деривати од Агенцијата за задолжителни нафтени резерви согласно закон на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје.

Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за трошењето на нафтениот дериват-мазут од ставот 1 на овој член доставува месечен извештај до Владата на Република Северна Македонија и до Министерството за финансии.

Член 5

Постоењето на кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија утврдена во оваа одлука ќе трае седум дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-11791/6
23 декември 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.